Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 26 октомври 2020 година

Скопје, октомври 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 октомври 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 15:05 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваа и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата не учествуваа м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Дополнет предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

2. Предлог на закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, по скратена постапка

3. Информација за обезбедување на финансиски средства во Буџетот на Министерство за правда со дополнет Предлог за измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година го утврди и заклучи согласно член 180-а, став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници м-р Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, раководител на сектор во Министерството за финансии и Тања Трипунова, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 2

Владата го разгледа Предлогот на закон за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, за месеците октомври, ноември и декември 2020 година, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници м-р Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 3

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата за обезбедување на финансиски средства во буџетот на Министерство за правда, со дополнет Предлог за измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, со оглед дека финансиските средства веќе се обезбедени во дополнетиот Предлог за измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

## Точка 4

1. Владата го разреши Борче Хаџиев од должноста директор на Фондот за осигурување на депозити, на негово барање.

1.1 Владата го именува Амир Шабани за вршител на должноста директор на Фондот за осигурување на депозити.

2. Владата го разреши Армир Садики од должноста вршител на должноста директор на Бирото за јавни набавки, на негово барање.

2.1. Владата го именува Борче Хаџиев директор на Бирото за јавни набавки и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Орхан Рамадани од должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на негово барање.

3.1. Владата го именува Фатон Ахмети за вршител на должноста директор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци.

4. Владата го именува Бесир Деари за вршител на должноста заменик на директорот на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата и зголемување за 30% на платата утврдена за извршување на функцијата.

5. Владата го именува Блерим Идризи за вршител на должноста заменик на директорот во Државниот завод за индустриска сопственост и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија Ц.О. Скопје, за вршител на должноста директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, да ја избере Билјана Јовановска.

6.1. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија Ц.О. Скопје, за вршител на должноста заменик на директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, да го избере Шаип Зенељи.

**Точка 5**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:55 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**